Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015 и бр.31/2016) и врз основа на член 5 став 2 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.140/2014), постапувајќи по барањето на „ВЕЛ-ДОМ" ДООЕЛ Велес, за издавање на лиценца за вршење на дејностите на управување со станбени згради, на седницата одржана на 27-02-2018 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

## ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ

## НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. На „ВЕЛ-ДОМ" ДООЕЛ Велес, му се издава лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради
2. За издавање на лиценцата од став 1 фирмата „ВЕЛ-ДОМ" ДООЕЛ Велес, се задолжува да плати надоместок во висина од 150 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата, со цел на дознака: надоместок за лиценца, назив на примачот: Регулаторна комисија за домување – Скопје, сметка на примачот: 020096159063116, приходна шифра:725939, програма 20
3. Правата и обврските на управителот за вршење на дејностите на управување со станбени згради се определени со член 19 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015 и бр.31/2016)
4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето

Образложение

„ВЕЛ-ДОМ” ДООЕЛ Велес, до Регулаторната комисија за домување поднесе Барање бр.08-92/1 од 21.02.2018год. за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради, со прилог:

- Доказ за регистрација во Централниот регистар на РМ со минимален паричен влог од 5000 евра во денарска противвредност
- Доказ за три вработени лица (М1 и М2 образец за еден дипломиран правник, и две лица со средно образование)
- Изјава за веродостојност на податоците

Поднесеното барање со приложената потребна документација беше разгледано од Регулаторната комисија за домување и беше констатирано дека „ВЕЛ-ДОМ” ДООЕЛ Велес, ги исполнува условите согласно член 10 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010 бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/1012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015 и бр.31/2016).

На ден 27.02.2018г. Регулаторната комисија за домување одржа редовна седница и донесе Решение за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради на „ВЕЛ-ДОМ” ДООЕЛ Велес.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр. 08-92/2

Од 27.02.2018год.

Скопје

Претседател на

Регулаторна комисија за домување

Д-р Ракип Малоски

-